Одговор: Терминот „колектив“ и изведените од него дефиниции (колективен и колективни), се поими содржани во Правилата за топлинска енергија, донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 28 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/11 и 136/11). Термините „пасивно преземање“ и „пасивни корисници“ се поими кои се употребени од страна на Судот, при аналитичкиот дел на правното мислење на актите коишто ги донел Судот и истите произлегуваат од толкувањето на постоечката правна рамка.